**Истражување за веродостојноста на оценувањето на учениците по математика во средните училишта во Република Македонија**

Согласно заложбите на Владата на Република Македонија и на Министерството за образование и наука за изучувањето на техничките науки, Бирото за развој на образованието спроведува истражувачки проект на тема: „Истражување на веродостојноста на оценувањето и споредување на оценувањето на учениците по математика во средните училишта во Република Македонија“.

Во Законот за средно образование, се вели дека една од обврските на наставникот е поучувањето, а уште поважна е способноста за вреднување на постигнувањата на учениците. Во конкретниот проект ќе се истражува како би можело да се подобри оценувањето на постигнувањата на учениците и како истото би се изедначило во сите средни училишта на национално ниво. Ова би можело да се постигне со континуирана соработка со наставниците, стручните активи на наставниците по математика и стручните служби во средните училишта.

Бирото за развој на образованието ќе понуди упатства за изготвување на писмени работи согласно постоечките образовни стандарди за оценување и ќе побара од наставниците постигнувањата на учениците да ги оценуваат според дадените упатства. Со тоа ќе се постигне изедначување на тежинското ниво на писмените работи како и бројот на поставените задачи.

Наставниците во рамките на стручните активи со помош на советници од Бирото за развој на образованието ќе изготват писмени работи и истите ќе ги спроведат со учениците, а добиените резултати ќе ги достават на увид до советниците.

По анализа на добиените резултати ќе се реализираат работни средби со стручните активи во училиштата. Работните средби со стручните служби се со цел да се одржат препораките дадени до стручните активи. Стручните служби ќе дадат свој придинес во реализација на проектот со поголема посветеност во намалувањето на бројот на изостаноци со што би се зголемиле постигнувањата на учениците.

За да се постигне целта и резултатите од проектот да станат практика советниците од Бирото за развој на образованието ќе ја следат работата на стручните активи и стручните служби и ќе даваат препораки за понатамошна работа и соработка.